**КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ООУ ,,КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СТАЈКОВЦИ**

- Почитувајте го куќниот ред на училиштето;
- Редовно информирајте се за постигнатиот успех и поведение на вашето дете;
- Редовно исполнувајте ги обврските што ги имате кон училиштето (материјални обврски, оправдување на отсуства од часовите на учениците, консултации со наставниците и сл);
- Задолжително присуствувајте на родителските средби во училиштето;
- Имајте на ум дека Вашите постапки се пример за однесување на Вашето дете;
- Училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека;
- Родителите/старателите ги испраќаат учениците до назначениот влез на училиштето и се забранува нивно влегување во училиштето, освен за родителите/
старателите/образовните асистенти на учениците со посебни образовни потреби;
- Родителите на учениците и други надворешни лица имаат обврска да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето;
- Родителите и другите надворешни лица при влегување во Училиштето имаат обврска да се пријават кај дежурното лице;
- Надвор од планираното време родителите не треба да престојуваат во училиштето;
- Родителите треба да го почитуваат временскиот распоред на часовите и да не влегуваат во училница за време на наставата;
- Родителите/старатели по завршување на часовите учениците ги превземаат од наставникот од означениот излез;
- Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите се одвива преку задолжителни родителски состаноци, приемни денови, индивидуални разговори.